# „Изјава за заштита на податоци“ за користењето мобилни онлајн-услуги на Volkswagen AG „We Connect, VW Connect“ во возила од „ID. фамилија“

(Од: јуни 2024 година – актуелната верзија можете секогаш да ја најдете онлајн на https://consent.vwgroup.io/consent/v1/texts/WeConnect/mk/mk/dataprivacy/latest/html).

„Изјавава за заштита на податоците“ информира за обработката на личните податоци при користење на мобилните онлајн-услуги „We Connect, VW Connect“ (понатаму како „**VW Connect**“) во возила од „ID. фамилија“ на Volkswagen AG. „Изјавата за заштита на податоците“ за користење на возилата од „ID. фамилија“ може да се најде во делот за правни прашања https://consent.vwgroup.io/consent/v1/texts/WeConnect/mk/mk/dataprivacycar/latest/html.

Како германска компанија, Volkswagen AG е обврзана од германското право и Регулативата (EU) 2016/679 на Европскиот Парламент и Советот од 27 април 2016 година за заштита на физички лица при обработка на лични податоци, за слободно движење на податоците и за отповикување на Директивата 95/46/EG (Општа регулатива за заштита на податоците) („**DSGVO**“). Ова се применува и ако Volkswagen AG ги обработува личните податоци на лицата што имаат постојано живеалиште во Германија. Информациите што се задолжителни според германското право и DSGVO за обработката на релевантните податоци може да се најдат во овој **Дел I** од „Изјавава за заштита на податоци“.

Освен тоа, можно е до одредена мера Volkswagen AG да е обврзана со националните закони на други земји. Лицата со постојано живеалиште во некоја од земјите наведени во **Дел II** од „Изјавава за заштита на податоци“ таму можат да најдат дополнителни информации.

**Содржина:**

**Дел I**

**A. Одговорно лице за обработката на податоците**

**B. Службено лице за заштита на податоците, лице за контакт**

**C. Вашите права**
I. Право на добивање информации
II. Право на корекција
III. Право на бришење
IV. Право на ограничена обработка
V. ПРАВО НА ПРИГОВОР
VI. Право на преносливост на податоците
VII. Право на повлекување
VIII. Право на жалба

**D. Опис на обработката на податоци**
I. Намерата на обработката на податоци
II. Примател на податоци
III. Бришење и корекција на личните податоци

**E. Детално за обработката на податоците**
I. Volkswagen ID
II. Volkswagen Ident

**F. Портфолио на услуги „VW Connect“ во возила од „ID. фамилија“**

**Дел II**

# Дел I

# A. Одговорно лице за обработката на податоците

Volkswagen AG (понатаму како „ние“ или „нас“) е лицето одговорно за обработката на личните податоци.

Volkswagen AG може да се контактира на:

Volkswagen AG
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија
Тел.: +49-5361-9-0
connect-support@volkswagen.de

Трговски регистар бр. HRB 100484 (Основен суд Брауншвајг)

# B. Службено лице за заштита на податоците, лице за контакт

Нашето службено лице за заштита на податоците стои на располагање како контакт за сите прашања поврзани со заштитата на податоците и за повикување на личните права (видете ја го делот C, „Вашите права“).

Упатете ги барањата до:

Службено лице за заштита на податоците на Volkswagen AG
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија
dataprivacy@volkswagen.de

За повикување на засегнатите права можете да ја користите адресата на е-пошта info-datenschutz@volkswagen.de (Германија) и privacy@volkswagen.de (надвор од Германија) или нашиот портал за заштита на податоци на Volkswagen https://www.datenschutz.volkswagen.de.

# C. Вашите права

Можете во секое време да се повикате на вашите права во однос на Volkswagen AG без надоместок.

Имајте предвид дека не ги идентификуваме корисниците на возила кога нема концепт на корисници (достапно зависно од моделот и опремата) или ако го користите возилото како анонимен гостин. Така, ако има повеќе корисници на возилото, не можеме да препознаеме кои

лични податоци се чии. Ако се повикате на правата што му следуваат на субјектот чии податоци се обработуваат, тогаш ќе мораме да го провериме вашиот идентитет и ако е потребно да побараме дополнителни информации или појаснувања (особено информации за периодот или околностите на употреба на возилото). Овие дополнителни информации може да ги побараме за да можеме да ги идентификуваме личните податоци што се однесуваат на вас и да можеме да ви ги ставиме на располагање. Притоа, мораме да се осигуриме дека не ги нарушуваме првата на другите сопственици на возилото кога ги предаваме личните податоци.

Повеќе информации за искористувањето на вашите права можете да најдете на веб-страницата https://datenschutz.volkswagen.de/.

## I. Право на добивање информации

Имате право да побарате од нас потврда за тоа дали и – ако да – кои лични податоци за вас ќе бидат обработувани и на кои трети страни ќе бидат испратени во рамките или надвор од рамките на ЕУ. Освен тоа, имате право и да добиете копија од вашите лични податоци што сме ги обработувале.

## II. Право на корекција

Имате право да побарате корекција на неточните или нецелосните лични податоци што се однесуваат на вас.

## III. Право на бришење

Имате право да побарате бришење на вашите податоци ако не се исполнети условите наведени во член 17 од DSGVO. Потоа, можете, на пример, да побарате бришење на вашите податоци ако повеќе не се потребни за целите за коишто биле собрани. Можете и да побарате бришење на податоците ако ги обработуваме врз основа на вашата согласност со тоа што ќе ја повлечете таа согласност.

## IV. Право на ограничена обработка

Имате право да побарате ограничена обработка на вашите податоци ако се исполнети условите во член 18 од DSGVO. Таков случај може да биде, на пример, кога ја оспорувате прецизноста на вашите податоци. Потоа, можете да побарате ограничување на обработката за времетраењето на верификацијата на прецизноста на вашите лични податоци.

## V. ПРАВО НА ПРИГОВОР

**Имате право да поднесете приговор против обработката на вашите лични податоци во следните случаи:**

**• ако обработката се изведува за целите на директен маркетинг (вклучително профилирање за целите на директен маркетинг).**

**• Ако обработката (вклучително профилирањето) се заснова врз една од следните правни основи:**

**o обработката е потребна за изведба на задача која е од јавен интерес или со која нè задолжиле официјалните власти (член 6, став 1, точка e од DSGVO).**

**o Обработката е неопходна за заштита на нашите легитимни интереси или интересите на трета страна (член 6, став 1, точка f од DSGVO). Во случај на приговор, ќе побараме од вас да ги наведете причините за таквиот приговор кон обработката на податоците. Во случај на приговор, веќе нема да ги обработуваме вашите податоци, освен ако можеме да докажеме убедливи легитимни основи за обработка кои ги надминуваат вашите интереси, права и слободи или обработката служи за потврдување, остварување или одбрана на правни побарувања.**

## VI. Право на преносливост на податоците

Ако обработката на податоците се заснова врз согласност или исполнување договорни обврски и тоа се изведува преку автоматизиран процес, имате право да ги добиете вашите податоци на структуриран и вообичаен формат, којшто може да се чита машински, но и право да ги пренесете кај друго одговорно лице. Освен тоа, имате право да побарате вашите лични податоци да ги испратиме директно кај друго одговорно лице.

## VII. Право на повлекување

Ако обработката на податоците се заснова врз согласност, имате право да ја повлечете согласноста бесплатно кога било со ефект во иднината преку е-пошта на info-datenschutz@volkswagen.de (Германија), privacy@volkswagen.de (надвор од Германија), преку нашиот портал за заштита на податоци на Volkswagen https://www.datenschutz.volkswagen.de или преку податоците за контакт наведени во „Импресум“.

## VIII. Право на жалба

Имате право да поднесете жалба кај надзорните органи или друга агенција за заштита на податоците во врска со нашата обработка на вашите податоци. Тоа може да е агенцијата за заштита на податоците каде што вие живеете. Список на сите надзорни органи за заштита на податоците во Европската Унија и Европската економска област може да најдете на: https://edpb.europa.eu/about-edpb/about-edpb/members_en#member-mk.

# D. Опис на обработката на податоци

Делов дава претстава за процесите за обработка на податоците при активирање и користење на мобилните онлајн-услуги „VW Connect“ во возила од „фамилијата ID“. При користењето на возилото, имајте предвид дека може да се види „Изјавата за заштита на податоците“ за возилата од „ID. фамилијата“ и во делот „Правни прашања“ или https://consent.vwgroup.io/consent/v1/texts/WeConnect/mk/mk/dataprivacycar/latest/html.

## I. Намерата на обработката на податоци

### 1. Обработка на податоците заради склучување и проширување договор, концепт на корисник

а) Активирање на „VW Connect“ за возило

За да ви бидат на располагање услугите „VW Connect“ во возилото, мора да го поврзете возилото со „VW Connect“ во поставките („**активирање**“). За ова ви е потребна централна корисничка сметка - „Volkswagen ID“ - и мобилната апликација „Volkswagen“ („**апликација**“).

Соодветните изјави за заштита на податоци на „Volkswagen ID“ и апликацијата може да се најдат онлајн на https://consent.vwgroup.io/consent/v1/texts/identitykit/de/mk/volkswagen-dataprivacy/latest/html и https://consent.vwgroup.io/consent/v1/texts/WeConnectID/mk/mk-mk/dataPrivacy/latest/html.

Освен тоа, се обработуваат следниве податоци при активирањето на услугите:

име, презиме, адреса на е-пошта, лозинка, идентификациски број на возилото (VIN), марка на возилото, корисничка улога, прекар, S-PIN, живеалиште, претпочитан јазик, корисничка идентификација, време на активирање, графички интерфејс користен за активирање, резервиран опсег на услуги.

По успешното активирање на услугите за возилото, корисникот на „VW Connect“ е главниот корисник и може да пристапува до услугите директно во возилото и во апликацијата или преку лична најава во веб-прелистувач на www.myvolkswagen.de. Со секое најавување во возилото како главен корисник, се обработуваат следниве податоци:

Идентификациски број на возилото (VIN), Меѓународен идентитет на мобилна опрема („IMEI“), адреса на е-пошта, корисничко име, лозинка, S-PIN, профилна слика, корисничка улога.

Правна основа за обработката е исполнување на договорот за „VW Connect“ (Член 6 став 1 точка b од DSGVO).

b) Корисник-гостин

Зависно од моделот и опремата, улогата корисник-гостин е достапна со користењето на „VW Connect“ ако возилото во прашање веќе има главен корисник. Иако улогата на главен корисник е наменета за главниот корисник на возилото и може да ја избере само едно лице, возилото може да се користи од неколку гости. Соодветниот корисник-гостин може да се најави во возилото со својата „Volkswagen ID“. За да го направи тоа, треба да го допре знакот „плус“ во инфо-забавниот систем во возилото и да создаде профил за „VW Connect“ („**профил**“). Поставките, како тие за приватност, се зачувуваат потоа во профилот на соодветниот корисник-гостин и така не мора да се бираат секојпат при користење на возилото.

Следниве податоци се обработуваат кога се регистрирате и секојпат кога се најавувате во возилото како корисник-гостин:

Идентификациски број на возилото (VIN), Меѓународен идентитет на мобилна опрема („IMEI“), адреса на е-пошта, корисничко име, лозинка, S-PIN, профилна слика, корисничка улога.

Главниот корисник може да ги прегледа прекарот и профилната слика на корисникот-гостин најавен во возилото во веб-прелистувачот.

Правна основа за обработката е исполнување на договорот за „VW Connect“ (Член 6 став 1 точка b од DSGVO).

Треба да се внимава на „Изјавата за заштита на податоци“ на „Volkswagen ID“ која може да се најде онлајн на https://consent.vwgroup.io/consent/v1/texts/identitykit/de/mk/volkswagen-dataprivacy/latest/html.

Само одредени мобилни онлајн-услуги се достапни за корисниците-гости.

Таканаречениот „анонимен гостин“, односно корисник на возило непознат на Volkswagen AG, мора да се разликува од корисникот-гостин. Корисниците на возила што не сакаат да создадат профил во возилото, може да го користат гостинскиот профил кога бираат корисник во инфо-

забавниот систем (достапноста зависи од моделот и опремата). Гостинскиот профил не е персонализиран профил. Не мора да се создава Volkswagen ID или да се склучува договор за „VW Connect“. Ако анонимниот гостин го користи возилото во онлајн режим, достапни се само неколку избрани услуги. Кон крајот на возењето, поставките за приватност во профилов се ресетираат и возилото повторно се враќа во офлајн режим.

## 2. Обработка на податоци за да се овозможат услуги

a) Користење на услугите

При употребата на „VW Connect“ се обработуваат податоците потребни за да се овозможат соодветните услуги, особено податоците за возилото. Податоците за главниот и корисникот-гостин се обработуваат заради извршување на договорот (член 6, став 1, точка b од DSGVO). За сите други корисници на возилото, вклучително анонимните гости, податоците се обработуваат врз основа на нашиот легитимен интерес за да ги овозможиме услугите според договорот за „VW Connect“ склучен за возилото (член 6, став 1, точка f од DSGVO) кога се користи возилото онлајн. Опис на корисничките улоги ќе најдете во D.I.1.

При користењето, се обработуваат идентификацискиот број на возилото (VIN) и IP-адресата. Корисничката идентификација на главниот корисник и актуелниот корисник, нивните улоги и податоците за моделот и опремата на возилото се обработуваат за да се провери кои производи од „VW Connect“ се активирани од главниот корисник на возилото и може да се користат од возачот. Во делот E „Портфолио на услуги“ има информации кои лични податоци исто така се обработуваат.

b) Решавање проблеми и безбедност

Освен VIN и корисничката идентификација на главниот корисник, ги заведуваме и времето и типот на услуга за да идентификуваме и анализираме дефекти и безбедносни закани. Тоа се прави заради заштита на нашите легитимни интереси да ги подобриме мобилните онлајн услуги, како и да ја загарантираме ИТ-безбедноста на мобилните онлајн услуги, со цел да ги овозможиме што е можно понепречено за сите корисници (член 6, став 1, точка f од DSGVO).

Ако се открие дефект, Volkswagen AG ги префрла податоците за контакт зачувани од корисникот за да го контактира ако е потребно. Обработката се одвива со цел извршување на договорот (член 6, став 1, точка b од DSGVO).

c) Ограничување на обработката на податоците (поставки за приватност)

Достапни се разни поставки за приватност во возилото (видете ја „Изјавата за заштита на податоци за возила од фамилијата Volkswagen ID.“). Зависно од поставките, одредени мобилни онлајн-услуги може да не се користат веќе. Мобилните онлајн-услуги може исто така да се активираат и деактивираат (**„управување со услуги“**) поединечно од главниот и корисникот-гостин преку личната сметка во веб-прелистувачот или апликацијата.

d) Неактивност на користење на услуги

Доколку главниот и корисникот-гостин не користат никакви мобилни онлајн услуги преку нивната лична сметка во веб-прелистувачот или во нивната апликација во рок од 30 дена, ќе се активира таканаречениот „Режим за заштеда на интернет“. Се обработуваат идентификацискиот број на возилото (VIN) и последното барање до возилото. Податоците за преостанатото возење и процесите на полнење потоа повеќе нема да се пренесуваат во личната сметка во веб-прелистувачот или во апликацијата на возилото. Штом главниот или корисникот-гостин е повторно активен во неговата сметка во веб-прелистувачот или во

неговата апликација, податоците повторно ќе се пренесат. Тоа се прави заради заштита на нашите легитимни интереси за заштеда на непотребен пренос на податоци со цел да им обезбедиме на корисниците што е можно понепречени мобилни онлајн услуги (член 6, став 1, точка f од DSGVO). Податоците за последната употреба ќе бидат презапишани откако ќе се најавите во личната сметка во веб-прелистувачот или апликацијата и ќе се избришат најдоцна по 30 дена.

## 3. Обработка на податоци во Customer Interaction Center (корисничка служба)

Постои можност преку Customer Interaction Center (CIC) да се контактира со корисничката служба ако постојат грижи околу апликации, услуги и веб-страници на Volkswagen AG (на пример, преку пошта, е-пошта, формулар за контакт или телефон). Volkswagen AG ги обработува личните податоци (на пример, име, адреса на е-пошта, адреса, телефонски број, земја и јазик) потребни за да одговори на барањето и да овозможи корисничка услуга. Други информации за заштитата на податоците кога се користи CIC може да се најдат во „Изјавата за заштита на податоци“ на CIC на https://cic-legal.volkswagen.com.

CIC може да контактира со клиентот ако е потребно за имплементирање на договорот „VW Connect“. Податоците за контакт зачувани кај нас ќе се обработуваат заради извршување на договорот (член 6, став 1, точка b од DSGVO).

## 4. Консултации и корисничка поддршка (Сервисен партнер/трговец)

*Важи само за клиентите во Германија:*

За кориснички ориентирана поддршка како дел од нашите мобилни онлајн услуги, може да контактирате со вашиот партнер на Volkswagen (сервисен партнер и/или дилер), кој ќе ја преземе корисничката поддршка за Volkswagen AG во овој контекст. За таа цел, следниве податоци, меѓу другото, ќе бидат пренесени до партнерот на Volkswagen и обработени од него како обработувач на нарачки: податоци за договорот, презиме, име, Volkswagen ID (е-пошта), податоци за VIN и возилото, статус на верификација, статус на корисник (главен корисник да/не), закажување сервис (активна/неактивна услуга), претпочитан партнер за услуги (избрана/неизбрана услуга), како и други податоци што ни ги доставувате како дел од вашето барање. Податоците ги обработуваме според член 6, став 1, точка b од DSGVO со цел извршување на договорот за мобилните онлајн услуги или – ако сè уште не сте корисник – за отпочнување на договорот за користење на мобилните онлајн услуги.

**Други примателi:** Audi AG, Auto-Union-Straße 1, 85057 Ingolstadt, Германија, како технички давател на услуги (Овие примателi ги обработуваат вашите лични податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 5. Проценка заради создавање извештаи во рамките на Volkswagen AG

Ги обработуваме податоците за возилото и за купените дигитални производи, како и за употребата на услугите во возилото.

Обработката се одвива заради

• Подобрување на корисничката поддршка
• Контрола на продажба
• Прецизно сметководство
• Надгледување производи, анализа на грешки, имплементација на корективни мерки поради грешки и исплаќање фер-компензации на корисниците
• Подобрување на производот

• Деривација на маркетиншки мерки
• Плаќање провизии на увозници и продавачи
• Исплаќање на давателите на услуги што ги користиме за мобилните онлајн-услуги

По извршување на проценките, податоците се ставаат на располагање на одговорните оддели во Volkswagen AG до онаа мера до којашто е потребно (и во анонимна форма колку што е тоа возможно).

Следните лични податоци се обработуваат:

• Идентификациски број на возилото (VIN)
• Корисничка идентификација
• Информации за купените производи (број на артикл, статус на активација, датум на активација, времетраење, земјата избрана за регистрација, начин на плаќање)
• Информации од дневникот на активности за услужните повици
• Информации за опремата на возилото
• Видот на корисник (приватен или деловен корисник)
• Статус на согласноста за маркетинг
• Информации дали е наведен претпочитан сервисен партнер

Правна основа: за обработката важи член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимен интерес: управување со деловниот модел на мобилните онлајн-услуги, како и зголемување на искуството на корисниците во рамките на горенаведената намера)

Податоците се обработуваат од CARIAD SE, Berliner Ring 2, 38440 Wolfsburg, Германија.

Овој примател ги обработува личните податоци исклучиво на наше барање согласно нашите упатства.

## 6. Анализа на податоци за користењето

Можеме да анализираме колку често и на кој начин главниот корисник на возилото ги користи услугите и функциите преку инфо-забавниот систем. Обработката на податоците е организирана преку кампањи за мерење кои се ограничени временски и дефинирани се според бројот на возило, земјата на испорака, годината на моделот и функциите на опремата според моделот. Анализата се извршува заради оптимизирање и натамошен развој на концептот на работа и приказ на инфо-забавниот систем и комфорните функции врз основа на теренски податоци (оптимизирање UX/UI).

**Лични податоци:** Идентификациски број на возилото (VIN), модел на возило, земја на испорака, година на моделот, функции на опремата според моделот, користење на инфо-забавниот систем преку екранот/контролниот панел, контроли за климатизација, поставки за седиштето, користење на управувачот и греење на стакла, користење на темпоматот (ACC), препознавање сообраќајни знаци, користење на фабричкото ресетирање на системите за помош

**Правна основа:** член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: оптимизација на производот)

**Други примачи на податоци:** нема

## 7. Создавање проценки за корпоративното управување

Volkswagen AG постојано се стреми да ги подобри деловните процеси како дел од корпоративното управување и да ги оптимизира поврзаните трошоци. За тоа, потребна е доброоснована анализа на податоците за веб-анализа, понудата, продажбата и нарачките. Поради оваа причина, Volkswagen AG обработува податоци од веб-анализи, понуди, продажби и нарачки, како и податоци од услуги поврзани со Volkswagen ID. Детали за оваа обработка на податоци (на пример, кои податоци ќе бидат обработени на кој начин) ќе најдете во „Изјавата за заштита на податоци" на Volkswagen ID на https://vwid.vwgroup.io/dataprivacy.

## 8. Обработка заради маркетинг

Важи за клиентите во Германија:

Volkswagen AG постојано се стреми да ги снабдува клиентите со информации кои се лично приспособени што е можно повеќе заради подобро рекламирање на своите производи и услуги. Ова бара доброзаснована анализа на вашето користење на нашите производи и услуги. Ако корисникот не дал согласност, Volkswagen AG ќе ги обработува податоците од вашата корисничка сметка Volkswagen ID и од „VW Connect". Детали за оваа обработка на податоци (на пример, кои податоци ќе бидат обработени на кој начин) ќе најдете во „Изјавата за заштита на податоци" на Volkswagen ID на https://vwid.vwgroup.io/data-privacy.

Важи за клиенти во земји со VW со исклучок на Германија:

Volkswagen AG постојано се стреми да ги снабдува клиентите со информации кои се лично приспособени што е можно повеќе заради подобро рекламирање на своите производи и услуги. За да ја постигне таа цел, потребна е доброоснована анализа на користењето на производите и услугите (аналитика). Од таа причина Volkswagen AG ги обработува податоците од корисничката сметка Volkswagen ID и „VW Connect", на пр.,

• податоци за идентификација (на пример, име, е-пошта, телефонски број и идентификациски број на возило ако е потребно) • податоците за корисничката сметка (на пример, претпочитан партнер)
• податоците за трансакции (на пример, договорени термини)
• податоците за користењето на возилото (на пример, евиденција на возењето, ниво на течности, километража)
• договорните податоци (на пример, опрема на возилото, тековни договори со поврзани услуги)
• ИТ-податоците (на пример, последни најавувања на услугите, користење на функциите)
• податоците за локацијата (на пример, скратени GPS-податоци)

Во случај на зачувани возила, Volkswagen AG го обработува идентификацискиот број на возилото и ги збогатува податоците наведени горе со дополнителни податоци за опремата на возилото и формира сегменти. Овие сегменти и необработените податоци се пренесуваат од Volkswagen AG до продажната компанија (увозникот) одговорен за соодветната земја заради подобрено рекламирање. Во текот на обработката, личните податоци се третираат персонализирано.

Обработката на опишаните податоци се заснова на согласноста што ја дал корисникот (член 6, став 1, точка А од DSGVO) во персонализирана реклама на Volkswagen AG. Ако корисникот не се согласува со ова, неговите податоци нема да бидат обработени за наведената намера.

Volkswagen AG ги брише персонализираните податоци по 5 години во согласност со законските барања, на пример, штом намерата за која биле собрани веќе не важи и само ако не постојат други обврски со кои бришењето се доведува во конфликт.

Други информации околу анализата на персонализираните податоци за подобрување на рекламирањето и согласноста за рекламирање од Volkswagen AG и за согласноста за рекламирање од продажната компанија (увозникот) одговорна за вашата земја, погледнете ги деталните податоци на „Изјавата за заштита на податоци“ за Volkswagen ID. Може да ги најдете на https://vwid.vwgroup.io/data-privacy.

## 9. Анализа за подобрување на производите

Забелешка: делот „Анализа за подобрување на производите“ се однесува само на клиенти во Германија, Австрија, Данска, Франција, Шпанија, Италија, Ирска, Обединетото Кралство (вклучително и Северна Ирска), Швајцарија, Холандија, Белгија, Норвешка и Шведска.

Volkswagen AG постојано се стреми да развива нови производи и услуги и да ги подобрува постоечките производи и услуги. За да ја постигне таа цел, потребна е доброоснована анализа на користењето на производите и услугите (аналитика). Од таа причина Volkswagen AG ги обработува податоците од корисничката сметка Volkswagen ID и „VW Connect“, на пр.,

- податоците за идентификација со псевдоним (на пример, корисничка идентификација во форма на псевдоним по случаен избор)
- податоци за користењето на возилото (на пример, податоци за полнење, возење и паркирање, поставки за полнење и тајмер)
- договорни податоци (на пример, опрема на возилото, како големина на батерија)
- ИТ-податоци за користењето (на пример, корисничка идентификација, користење на услуги „VW Connect“)
- податоците за локацијата (на пример, скратени GPS-податоци)
- Податоци за состојбата на возилото (на пр., интервали на сервисирање, предупредувања што се случиле, активирани предупредувачки светла; само за клиенти во Германија)

Во случај на зачувани возила во корисничката сметка Volkswagen ID, Volkswagen AG го обработува идентификацискиот број на возилото и ги збогатува податоците наведени горе со дополнителни податоци за опремата на возилото. Во текот на обработката, личните податоци се псевдонимизираат. Псевдонимизацијата вклучува отстранување на сите директни лични идентификациски функции (на пример, идентификациски број на возило). Индиректно следливите идентификатори (псевдонимите) се задржуваат. Освен тоа, се зачувуваат и GPS-податоците во скратена форма. Само по псевдонимизацијата и кратењето, податоците се анализираат во системите за аналитика на Volkswagen AG. Во ниту еден случај не се зачувува директна лична референца. Резултатите што произлегуваат од анализата (особено метриката и индикаторите) се целосно анонимни.

Обработката на псевдонимизираните податоци (на пример, корисничка идентификација, псевдонимизиран идентификациски број на возило) е потребна за да може да се утврдат долгорочните интеракции помеѓу користењето на возилото и услугите од страна нашите клиенти и состојбата на возилото (на пример, функционалност на батеријата). Само на тој начин можеме да идентификуваме соодветни нови и натамошни мерки за развој и да им понудиме на нашите клиенти нови и подобрени производи и услуги.

Се обработуваат само личните податоци на главниот корисник кој се најавил последен во возилото и само ако главниот корисник активирал и користел соодветни услуги од портфолиото на услуги. (Видете го делот E. Портфолио на услуги „VW Connect“ во возила од „ID. фамилија“). Освен тоа, корисниците на возилото можат да бираат поединечни поставки за приватност и така да контролираат кои податоци е дозволено да го напуштаат возилото (видете го делот D.I.2.c) „Ограничување на обработката на податоците (поставки за приватност) “).

Опишаната обработка на податоците се изведува врз основа на легитимен интерес на Volkswagen AG да им понуди на клиентите новоразвиени и подобрени производи и услуги (член 6, став 1, точка f од DSGVO).

Volkswagen AG ги брише сите псевдонимизирани податоци по 7 години во согласност со законските барања, на пример, штом намерата за која биле собрани веќе не важи и само ако не постојат други обврски со кои бришењето се доведува во конфликт.

### 10. Услуга за податоци на станиците за полнење

Со помош на функцијата „Услуга за податоци на станиците за полнење", се прикажуваат детални информации за јавните станици за полнење: точната локација и бројот на постоечки точки за полнење, нивната моментална состојба на зафатеност и искористеност, како и очекувана достапност, моментални дефекти или некомпатибилност со возилото, достапните типови приклучоци и очекуваните перформанси на полнење, време на полнење и време на отворање и пристап. Овие информации може да се прочитаат во возилото и во апликацијата Volkswagen.

За да се обезбеди функцијата, податоците собрани како дел од услугите „Полнење", „Паркинг позиција" и „Времиња на тргнување" се обработуваат и анонимизираат пред евалуацијата за функцијата „Услуга за податоци на станиците за полнење".

Ако возилото се користи во офлајн режим, не се снимаат податоци и не се испраќаат во заднинскиот дел на системот. Офлајн режимот може да се постави во возилото.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN); паркинг позиција; временски печат; реални перформанси на станицата за полнење; тип на енергија (наизменична или директна); статус на приклучокот за напојување; тип на употребен приклучок; поставено ограничување за полнење; тајмер за полнење; состојба на наполнетост на батеријата (SOC); информации за делот за процесот на вчитување; причина за завршување на вчитувањето

**Правна основа:** член 6 став 1 точка f од DSGVO за анонимизација на податоците: легитимниот интерес на Volkswagen AG лежи во спроведувањето на принципот за минимизирање на податоците (чл. 5 ст. 1 точ. c од DSGVO).

**Друг примател на податоци:** CARIAD SE, Berliner Ring 2, 38440 Wolfsburg, Германија (Овој примател обработува само лични податоци во име и во согласност со спецификациите на Volkswagen AG).

## II. Примател на податоци

### 1. Сервер за податоци

Личните податоци се зачувуваат само на серверите на следните даватели на услуги во наше име и согласно нашите упатства:

CARIAD SE
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија

WirelessCar Sweden AB
Vädursgatan 6

412 50 Göteborg
Шведска

Amazon Web Services, Inc. („AWS“)
410 Terry Ave. North
Seattle WA 98109
САД

Amazon Web Services EMEA SARL
Avenue John F. Kennedy 38
1855 Luxemburg
Луксембург

Microsoft Ireland Operations Limited
One Microsoft Place
South County Business Park
Leopardstown
Dublin 18
D18 P521
Ирска

Ford Motor Company
One American Road
Dearborn, MI 48126
САД
(Важи само за Volkswagen Amarok)

## 2. Даватели на услуги за ИТ-поддршка

Користиме и разни даватели на услуги за ИТ-поддршка што се наоѓаат во и надвор од ЕУ. Тие нè поддржуваат, на пример, преку оддржување на нашите информатички системи и ни овозможуваат техничка поддршка. Кога давателите на услуги имаат пристап до личните податоци, ти ги обработуваат само на наше барање и согласно нашите упатства.

ИТ-поддршката се добива особено од следниве даватели на услуги:

CARIAD SE
Berliner Ring 2
38440 Wolfsburg
Германија

## 3. Други приматели

Другите приматели на личните податоци може да се дознаат од информациите за поединечните услуги и функционалности во оваа „Изјава за заштита на податоците“.

## 4. Приматели со седиште во трети земји

Заради целите наведени во оваа „Изјава за заштита на податоци“, Volkswagen AG исто така ги пренесува личните податоци и кај приматели и обработувачи што се наоѓаат надвор од ЕУ. За да се загарантира соодветно ниво на заштита на личните податоци, Volkswagen AG склучува стандардни договорни клаузули на ЕУ со приматели во несигурни трети земји. Употребените стандардни договорни клаузули на ЕУ на јазиците на ЕУ може да се најдат на адресата https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX%3A32021D0914. Освен тоа, се

преземаат дополнителни мерки на претпазливост ако се бара со законите на сила (на пример, шифрирање и дополнителни договорни регулативи) за да се загарантира соодветно ниво на заштита за личните податоци.

### 5. Законски барања и разоткривање податоци

Сè додека постојат законски регулативи, обврзани сме да ги разоткриеме податоците што ги чуваме до онаа мера потребна според барање на владините агенции (на пример, при испитување криминални прекршоци). Правната основа за префрлувањето на податоците кај соодветната владина агенција е законска обврска (член 6, став 1, точка c од DSGVO во поврзаност со соодветната законска обврска).

## III. Бришење и корекција на личните податоци

Штом веќе нема да има потреба од личните податоци за целта или за целите за кои тие биле првично собрани, тие ќе бидат избришани, освен ако бришењето е забрането со закон.

Ако се избрише возилото од виртуелната гаража во апликацијата, ќе се избрише и корисникот од списокот со корисници на возилото. Имајте предвид дека бришењето на податоците од возилото се прави само ако се ресетира возилото на фабрички поставки преку инфо-забавниот систем.

Исто така, клиентите може кога било да ги коригираат податоците што ги внеле во поставките на Volkswagen ID – ако создале.

# E. Детално за обработката на податоците

## I. Volkswagen ID

Volkswagen ID им нуди на клиентите можност да се регистрираат за бројни онлајн-услуги на Volkswagen AG или трети страни. Обработката на податоци потребна за таа цел се одвива со цел извршување на договорот (член 6, став 1, стр. 1, точка b од DSGVO). Volkswagen ID служи како централна корисничка сметка преку која нашите клиенти може да управуваат со личните податоци централизирано. За да можете да користите мобилна онлајн-услуга, потребно е да создадете Volkswagen ID или да се најавите со постоечка Volkswagen ID. Онлајн-услугите избрани од клиентот се поврзани со Volkswagen ID на клиентот. Таквата поврзаност се прави само ако клиентот дал согласност за тоа (член 6, став, 1 стр. 1, точка a од DSGVO). Информации за обработката на податоците во поврзаност со Volkswagen ID може да се најдат во изјавата за заштита на податоците на https://consent.vwgroup.io/consent/v1/texts/IdentityKit/de/mk/volkswagen-dataPrivacy/latest/html.

## II. Volkswagen Ident

Пред да користите мобилни онлајн услуги кои овозможуваат пристап до возилото (на пр., преку „Заклучување и отклучување“), мора да се изврши проверка на идентитетот (Volkswagen Ident).

### 1. Процесот Volkswagen Ident преку AutoIdent на порталот MyVolkswagen и апликацијата Volkswagen

AutoIdent од IDnow е процес за идентификација кој на клиентот му овозможува да се идентификува онлајн и во реално време. Клиентот поставува машински читлив документ за

идентификација, како што е лична карта, пасош или возачка дозвола (во зависност од прописите што се во сила во земјата на клиентот) и прави кратко видеоселфи. Софтверот на AutoIdent автоматски ја потврдува автентичноста на документот и го споредува со видеото за да се загарантира дека лицето што бара идентифицирање е автентично. Штом идентитетот ќе биде успешно верифициран, клиентот може да го потврди својот идентитет онлајн и да користи мобилни онлајн услуги кои, на пример, овозможуваат пристап до возилото (на пример, „Заклучување и отклучување“).

Volkswagen ID (внатрешниот идентификациски број за точно назначување на корисничките податоци) се пренесува до ангажираниот давател на услуги.

Овој идентификациски број се дополнува со дополнителни податоци (на пр., со портрет слика) од страна на ангажираниот давател на услуги за време на процесот на идентификација. Корисникот ќе биде информиран за ова одделно однапред и мора изречно да се согласи за да можеме да ги обработуваме податоците на овој начин. Во тој случај, податоците се обработуваат врз основа на член 6, став 1, точка а од DSGVO и член 9, став 2, точка а од DSGVO врз основа на согласноста на клиентот само заради целите на идентификација со цел активација на мобилните онлајн-услуги за кои е потребна јасна идентификација. Податоците се пренесуваат само во шифрирана форма.

Штом ќе заврши идентификацијата, давателот на услуги ќе ни ги испрати името, презимето, датумот на раѓање и Volkswagen ID на клиентот, како и времето на идентификација со цел документирање на настанот и активирање на мобилната онлајн услуга. Освен тоа, видот на документ, бројот на документ, земјата на издавање, датумот на издавање, рокот на важност се префрлаат за целите на документирање на идентитетот од документот со кој бил идентификуван.

Ние проценуваме дали процесот на Volkswagen Ident бил завршен успешно или прекинат. За таа цел, го зачувуваме статусот на процесот за верификација на корисник. Предниот и задниот дел на документот, снимените безбедносни карактеристики на документот за идентификација и фотографиите од лице се чуваат на IDnow и се бришат по максимално триесет (30) дена.

Личните податоци ќе се чуваат во Volkswagen додека клиентот не ја избрише својата корисничка сметка на Volkswagen ID.

Информации на третата страна:

IDnow GmbH
Auenstraße 100
80469 München
Германија

Овој примател ги обработува личните податоци исклучиво на наше барање согласно нашите упатства.

## 2. Процес на Volkswagen Ident од вашиот сервисен партнер на Volkswagen

Како алтернатива, може да се помине процесот на Volkswagen Ident кај локалниот сервисен партнер на Volkswagen ако нуди таква услуга. Прво, клиентот мора да се регистрира со своето име, презиме и датум на раѓање со лично најавување во веб-прелистувач.

Податоците што ги дал на локалниот сервисен партнер на Volkswagen ќе бидат споредени со податоците на возачка дозвола на клиентот. Во тој случај, податоците се обработуваат врз основа на член 6, став 1, точка а од DSGVO и член 9, став 2, точка а од DSGVO врз основа на согласност само заради целите на идентификација со цел активација на мобилните онлајн-услуги за кои е потребна јасна идентификација. Заведените податоци (број на возачка дозвола, датум на издавање, ако треба и земјата на издавање, рокот на траење) се испраќаат кај нас. Податоците се пренесуваат само во шифрирана форма. Не се зачувуваат податоци кај сервисен партнер на Volkswagen. Сервисниот партнер на Volkswagen ги обработува вашите податоци исклучиво на наше барање согласно нашите упатства.

# F. Портфолио на услуги „VW Connect“ во возила од „ID. фамилија“

Услугите наведени подолу од портфолиото „VW Connect“ се достапни во возилото во зависност од годината на моделот и опремата на возилото, инсталираната софтверска верзија на мобилните онлајн услуги во возилото и во зависност од земјата. Главниот корисник и можеби корисникот-гостин на возилото може да ги деактивираат поединечните услуги од портфолиото на услуги во апликацијата „Volkswagen“ („**апликација**“) и да ги реактивираат по потреба (видете ја секцијата C.I.2.c) „Ограничување на обработката на податоците (поставки за приватност)“).

Долу ќе најдете преглед на податоците што се обработуваат во рамките на соодветната услуга, правната основа за обработката и соодветните приматели на податоците. За примателите на податоци што добиваат лични податоци низ услугите, погледнете ја секцијата C.II. „Примател на податоци“.

Услугите со кои се обработуваат податоците за локацијата се означени со *.

## 1. Времиња на тргнување (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Со помош на „Времиња на тргнување“, главниот корисник има можност преку апликацијата да го постави профилот на полнење (минимална состојба на наполнетост, максимална состојба на наполнетост, ограничување на струјата на полнење, автоматско ослободување на приклучокот за напојување, претпочитани времиња на полнење, име на профилот на полнење) и времето во кое батеријата на ID. возилото треба да се полни на локацијата за полнење. Освен тоа, може да се постави дали возилото треба да биде климатизирано (климатизација на возилото во мирување) во посакуваното време на тргнување.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), посакувано време за услугата „Полнење“ и „Климатизација“, состојба на профилот на полнење

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 2. Климатизација (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Преку „Климатизација“ главниот корисник има опција соодветно да ја приспособи температурата на внатрешноста на своето возило со помош на клима уредот (климатизација на возилото во мирување) и да го (де)активира греењето на стаклата преку апликацијата без да мора да биде во возилото.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), поставки за климатизација, статус на греењето на стаклата, (актуелна) состојба на климатизација на возилото во мирување

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 3. Полнење (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Преку „Полнење“ главниот корисник има можност преку апликацијата да управува со полнењето на батеријата на возилото (старт/стоп), да ги конфигурира процесот на полнење и статусот на полнење (состојба на наполнетост на батеријата, преостанат опсег, статус на приклучок за напојување, преостанато време на полнење).

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), поставки за полнење, (актуелна) состојба на статусот на полнење

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 4. „We Charge“ – бесплатни станици за полнење (We Connect Plus, VW Connect Plus)

In-Car App „Бесплатни станици за полнење“ на „We Charge“ овозможува приказ на станиците за полнење кога се користи систем за навигација и може да се преземе и инсталира од страна на главниот корисник во In-Car Shop ако не е фабрички инсталирана во возилото (во зависност од моделот и опремата). На корисникот на возилото ќе му биде прикажано кои станици за полнење се достапни, а кои не. Корисникот на возилото може да ја види и брзината на полнење.

За да ја користите In-Car App, треба да имаме дозвола за пристап и обработка на локацијата на возилото. Обработката на податоците за позицијата во поврзаност со услугата „Бесплатни станици за полнење“ ќе се извршува само ако корисникот на возилото се согласил да се обработуваат податоците за локација во In-Car-App. Согласноста може да се најде во поставките на In-Car App во секое време без да се даде причина за тоа со ефект во иднина. Меѓутоа, така услугата веќе нема да биде достапна.

**Лични податоци:** локација

**Правна основа:** член 6, став 1, точка а од DSGVO (согласност)

**Други примачи на податоци:** зависно од верзијата на In-Car-App: HERE Europe B.V., Kennedyplein 222 – 226, 5611 ZT Eindhoven, Холандија или Google Ireland Limited Gordon House, Barrow Street, Dublin 4, Ирска

Ако се стапи во контакт со нашата корисничка поддршка за „We Charge“, ќе ги обработиме податоците и личните податоци во врска со барањето (пр. името, адресата на е-пошта, телефонскиот број, јазикот, како и – зависно од барањето – поставките за јазикот, анализите на грешки) како електронски билет. Ова се прави за да ве контактираме и за да можеме да го обработиме вашето барање.

Нашата корисничка служба е достапна на wecharge-support@volkswagen.de или телефонски:

за Унгарија: 001800-43347328
за Финска: 990800-43347328
за останатите земји: 00800-43347328

Информации за заштита на податоци има во „Изјавата за заштита на податоци“ на https://cic-legal.volkswagen.com (видете го и делот D.I.3. на оваа „Изјава за заштита на податоци“).

## 5. Навигација - Станици за полнење (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Со услугата „Станици за полнење“ може да се пребаруваат соодветни станици за полнење во кругот на актуелната локација на возилото. Апликацијата ги покажува вкупниот број и слободните места на станицата за полнење и информира за отстранувањето.

**Лични податоци:** само IP-адресата, областа на пребарување и критериумот за пребарување се разменуваат помеѓу возилото и NavigationsCloud.

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главниот корисник и корисникот-гостин (за извршување на договорот); член 6, став 1, точка f од DSGVO за секој корисник на возилото вклучително анонимниот гостин (легитимни интереси: извршување на договорот „VW Connect “ на главниот корисник)

**Друг примател на податоци:** Joynext GmbH, Gewerbepark Merbitz бр. 5, 01156 Dresden, Германија. (Овие примателі ги обработуваат вашите лични податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 6. Навигација - онлајн ажурирање карти (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Со услугата „Ажурирање карти“ можете да ја ажурирате картата директно во вашето возило. За таа цел, возилото анализира кои региони во земјата (на пример северозападна Германија) се релевантни/предоминантно се користат за возилото.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), региони во коишто најчесто се вози (само при автоматско ажурирање); број на верзија на актуелно зачуваните податоци на картата, податоци за позицијата на возилото, брзина, старт/цел, насока на патување

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главниот корисник и корисникот-гостин (за извршување на договорот); член 6, став 1, точка f од DSGVO за секој корисник на возилото вклучително анонимниот гостин (легитимни интереси: извршување на договорот „VW Connect “ на главниот корисник)

**Друг примател на податоци:** HERE Europe B.V., Kennedyplein 222 –226, 5611 ZT Eindhoven, Холандија. (Овие приматели ги обработуваат вашите лични податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 7. Онлајн навигација - Паркиралишта (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

„Паркиралишта“ може да се користи за пребарување соодветни паркиралишта во близина на тековната локација на возилото, ако има. Апликацијата информира за цените, работните времиња, оддалеченоста и телефонските броеви.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), локација на возилото, насока на патување, старт/цел

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главниот корисник и корисникот-гостин (за извршување на договорот); член 6, став 1, точка f од DSGVO за секој корисник на возилото вклучително анонимниот гостин (легитимни интереси: извршување на договорот „VW Connect “ на главниот корисник)

**Други приматели на податоци:** Parkopedia Ltd. 232 Sladepool Farm Road, Birmingham, B14 5EE, Обединето Кралство; Joynext GmbH, Gewerbepark Merbitz бр. 5, 01156 Dresden, Германија. (Овие приматели ги обработуваат вашите лични податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 8. Онлајн навигација - Онлајн одредување рута (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Услугата „Одредување рута“ ја одредува најдобрата рута за возилото земајќи ја предвид моментална сообраќајна ситуација.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), локација на возилото, почеток/цел, насока на патување

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главниот корисник и корисникот-гостин (за извршување на договорот); член 6, став 1, точка f од DSGVO за секој корисник на возилото вклучително анонимниот гостин (легитимни интереси: извршување на договорот „VW Connect Plus“ на главниот корисник)

**Друг примател на податоци:** Joynext GmbH, Gewerbepark Merbitz бр. 5, 01156 Dresden, Германија. (Овие приматели ги обработуваат вашите лични податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 9. Онлајн преземање цел/Онлајн преземање рута (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Со „Онлајн преземање цел/Онлајн преземање рута“ главниот корисник може да испраќа поединечни посебни цели (POI), како и создадени рути зачувани во апликацијата до системот за навигација на возилото. Испратената дестинација, односно испратената рута станува видлива во системот за навигација за моменталниот корисник на возилото штом возилото се поврзе со интернетот.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), термин за пребарување, координати на мапата, IP-адреса, испратена (посебна) цел, рути создадени од корисникот, статус на достапност на функција во возилото (за испраќање цели)

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** Google Ireland Limited Gordon House, Barrow Street, Dublin 4, Ирска

## 10. Over-the-Air Update / онлајн ажурирање на системот (We Connect Start, We Connect, VW Connect Plus)

Преку „Over-the-Air Update/Онлајн ажурирање систем“ се ажурира софтверот на возилото (Инфо-забавен систем, фирмверот на контролните уреди) за да се добие нова функција, на пример, да се отстрани грешка или да се подготви со најновите измени во сообраќајните патишта.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), верзии на софтвер и хардвер, како и сериски броеви на хардвер, потрошената струја за услугата од батеријата на возилото за тековната календарска година, поставениот јазик во Инфо-забавниот систем

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** CARIAD SE, Berliner Ring 2, 38440 Wolfsburg, Германија; Harman Connected Services Inc, 636 Ellis Street, 94043 Mountain View, САД; HERE Europe B.V., Kennedyplein 222 - 226, 5611 TZ Eindhoven, Холандија

## 11. Онлајн информации за сообраќај (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Со „Онлајн информации за сообраќај“ се информирате за тековните настани во сообраќајот и се прикажува текот на сообраќајот на картата и долж рутата на системот за навигација.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), локација, прецизност на локација на возилото, насока на патување, брзина, косина на патот, посакувана целна локација, поставки за информациите за сообраќајот, препознаениот тип на настан, временски печат, верзија на апликација

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главниот корисник и корисникот-гостин (за извршување на договорот); член 6, став 1, точка f од DSGVO за секој корисник на возилото вклучително анонимниот гостин (легитимни интереси: извршување на договорот „VW Connect “ на главниот корисник)

**Друг прималел на податоци:** Joynext GmbH, Gewerbepark Merbitz Nr. 5, 01156 Dresden, Германија, како и NIRA Dynamics AB, Wallenbergs gata 4, 58330 Linköping, Шведска. (Овие приматели на податоци ги обработуваат вашите лични податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 12. Онлајн гласовна контрола/онлајн гласовен помошник (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)* (достапно зависно од моделот и опремата)

„Онлајн гласовната контрола“/„Онлајн гласовниот помошник“ им нуди на главните и корисниците-гости интуитивна гласовна контрола и достапна е и како офлајн гласовна контрола/гласовен помошник (достапно само на следниве јазици: англиски (GB), англиски (US), германски, француски, италијански, шпански, чешки, холандски, полски, португалски, шведски, дански, норвешки).

Може да се активира услугата „Гласовна контрола/гласовен помошник“ преку копчето Push-to-Talk на воланот или со збор за активација за да може да се формулира барањето. И другите патници во возилото можат да ја користат „Гласовната контрола“/„Гласовниот помошник“ со помош на зборот за активација. За да можете да го користите зборот за активација, во позадината на Инфо-забавниот систем работи услуга задолжена за препознавање на зборот за активација кога ќе го изговорите. Во одредени случаи, може да се случи оваа позадинска услуга по грешка да го препознае зборот за активација.

Штом „Гласовната контрола"/„Гласовниот помошник" се активира преку копчето Push-to-Talk или со зборот за активација, тоа ќе биде посочено на екранот на Инфо-забавниот систем со графички симбол.

Предноста на онлајн гласовната контрола/онлајн гласовниот помошник во однос на офлајн гласовната контрола/гласовниот помошник без онлајн врска е тоа што добивате подобро препознавање на гласот воопшто и можност за контрола на онлајн содржина со помош на гласот, на пример, стриминг услуги и посебни цели за навигација. Ако клиентот исто така даде согласност за обработка на податоците за локација за онлајн гласовна контрола/онлајн гласовен помошник, ќе добива подобри резултати за навигација дури и побрзо, кои ќе бидат збогатени со дополнителни информации (на пример, информации за станица за полнење) или информации за времето, вести, знаења, спорт, статус на лет, акции и за околината (достапно во зависност од моделот и опремата и во зависност од јазикот поставен во системот). Дури и без согласност, односно повлекување на согласност, онлајн гласовната контрола/онлајн гласовниот помошник сепак може да се користи до онаа мера до која дозволува договорот.

Онлајн гласовниот асистент е дополнет со ChatGPT 3.5 Turbo (за јазиците: германски, англиски (GB, US), шпански и чешки) со препраќање на прашања на ChatGPT на кои онлајн гласовниот асистент не може да одговори. За таа цел, давателот на услуги Cerence GmbH проверува дали гласовното барање може да се одговори. Ако тоа не е случај, гласовното барање ќе биде препратено до ChatGPT во текстуална форма. ChatGPT испраќа одговор во текстуална форма до давателот на услуги Cerence GmbH и од него до возилото. Кога одговорот е издаден во возилото, се појаснува дали е резултат генериран од ChatGPT. Податоците за локацијата не се препраќаат до ChatGPT при обработката на гласовното барање преку ChatGPT.

Вашите гласовни наредби ќе се евалуираат кога сте онлајн за да може постојано да се подобруваат гласовното ракување и гласовното препознавање за сите клиенти. За таа цел, тие генерално се евалуираат анонимизирано со процес на автоматизација и се испраќаат само до обучени вработени лица на нашиот давател на услуги Cerence GmbH за целите на евалуација за оптимизирање на гласовното препознавање.

Ако се користи возилото во офлајн-режим, гласовните податоци се обработуваат само во возилото. Податоците за локацијата не се обработуваат (офлајн гласовна контрола/офлајн гласовен асистент). Онлајн функционалноста може да се деактивира во личната сметка во веб-прелистувач или преку апликацијата. Исто така, препознавањето на зборот за активација може да се деактивира во Инфо-забавниот систем за да може гласовната контрола/гласовниот помошник да се активира само со копчето Push-to-Talk.

На анонимниот гостин не му е достапна „Онлајн гласовната контрола"/„Онлајн гласовен помошник". Податоците се обработуваат само во возилото.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), земјата зачувана во системот или тековната позиција на возилото (ако е дадена согласност и за обработката на податоците за локација за онлајн гласовна контрола/онлајн гласовен помошник), избраниот јазик на инфо-забавниот систем, марката на возилото, корисничката идентификација на главниот корисник на возилото, регионалниот код и бројот на верзијата на софтверот на инфо-забавниот систем, гласовно внесените информации и гласовните излезни информации (само за јазиците EN-US, EN-GB, DE, FR, ES, IT, CZ, NL, PL, PT, SE, DK, NO)

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главни и корисници-гости (за исполнување на договорот); за опционална обработка на тековната позиција на возилото: член 6, став 1, точка а од DSGVO (согласност); за други лица што се превезуваат во возилото без договор преку мобилните онлајн-услуги: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимен интерес: исполнување на договорот со главниот корисник за „VW Connect"); евалуација на гласовни

наредби од Volkswagen AG и од страна на давателот на услуги и анонимизација на гласовните наредби за натамошна анализа се спроведува во согласност со член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимен интерес: подобрување на гласовното ракување и гласовното препознавање за сите клиенти).

**Други примачи на податоци:** e.solutions GmbH, Despag-Straße 4a, 85055 Ingolstadt, Германија; Cerence GmbH, Jülicher Straße 376, 52070 Aachen, Германија (овие приматели ги обработуваат вашите лични податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 13. Онлајн гласовна контрола (VW Connect Basic) за AMAROK од 2023 година

Со мобилните онлајн услуги од „VW Connect Basic“, главниот или дополнителниот корисник на возилото AMAROK има на располагање онлајн гласовна контрола, а не само офлајн. Онлајн гласовната контрола е достапна во следниве земји и на следниве јазици: Австрија, Белгија, Швајцарија, Чешка, Германија, Данска, Шпанија, Финска, Франција, Англија, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија и Шведска. За да се загарантира функционалноста на онлајн гласовната контрола до мерата што е договорно загарантирана, локацијата на возилото се испраќа штом ќе се активираат мобилните онлајн услуги во вашата апликација Volkswagen. Соодветните податоци за локација се бришат веднаш по употребата.

Може да ја активирате услугата „Гласовна контрола“ преку копчето Push-to-Talk на воланот или со команда за активација за да можете да го формулирате вашето барање. Услугата „Онлајн гласовната контрола“ може да се користи од страна на сопатниците во возилото со помош на збор за активација. За да можете да го користите зборот за активација, во позадината на Инфо-забавниот систем работи услуга задолжена за препознавање на зборот за активација кога ќе го изговорите. Во одредени случаи, може да се случи оваа позадинска услуга по грешка да го препознае зборот за активација.

Штом „Гласовната контрола“ се активира преку копчето Push-to-Talk или со зборот за активација, тоа ќе биде посочено на екранот на Инфо-забавниот систем со графички симбол. Предноста на онлајн гласовната контрола во однос на офлајн гласовната контрола е тоа што добивате подобро препознавање на гласот воопшто и можност за контрола на онлајн содржина со помош на гласот, на пример, посебни цели за навигација.

Cerence B.V. ги евалуира гласовно внесените информации за нас со помош на автоматизирани процеси за целите на извештаи и притоа добиваме резултати од евалуацијата (без гласовни и аудиодатотеки) ако ја употребувате онлајн гласовната контрола. Можете да ја деактивирате интернет-врската за „Онлајн гласовна контрола“ во секое време во Инфо-забавниот систем. Во овој случај, гласовните податоци се обработуваат само во возилото. Исто така, препознавањето на зборот за активација можете да го деактивирате во Инфо-забавниот систем за гласовната контрола да може да се активира само со копчето Push-to-Talk. Ако го користите возилото во офлајн-режим, гласовните податоци се обработуваат само во возилото (офлајн гласовна контрола).

„Онлајн гласовната контрола“ не ви е достапна како анонимен гостин или корисник-гостин. Податоците се обработуваат само во возилото.

**Лични податоци при поврзување на интернет:** идентификациски број на возилото (VIN), земјата зачувана во системот и актуелната позиција на возилото, избраниот јазик на инфо-забавниот систем, кодот на земјата на возилото, корисничка идентификација, регионален код и број на верзија на софтверот на инфо-забавниот систем, вашиот јазик на внесување и јазикот на прикажување

**Правна основа:** за главен и дополнителен корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот); за другите корисници на возилото и патници во возилото без склучен договор за мобилни онлајн-услуги: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: извршување на договорот за мобилните онлајн-услуги)

**Други приматели на податоци:** Cerence B.V., CBS-weg 11, 6412 Ex Heerlen, Холандија. (Овие приматели ги обработуваат податоците само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 14. Интернет радио (We Connect Start, We Connect Plus, VW Connect Plus)

Во рамките на функцијата „Интернет радио“, Инфо-забавниот систем ви дава на располагање тековен каталог на станици и подкасти според јазикот. Со ова имате можност да слушате илјадници станици и епизоди на поткасти од разни видови преку онлајн стриминг.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), IP-адреса

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** e.solutions GmbH, Despag-Straße 4a, 85055 Ingolstadt, Германија. (Обата примателa ги обработуваат вашите лични податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 15. Информации за температурата (We Connect, VW Connect Plus)*

При ниска надворешна температура, услугата „Информации за температурата“ ви препорачува вам како главен корисник преку апликацијата да поставите време на тргнување или полнење на возилото за да се избегне намалување на полнежот на батеријата поради ниската температура. Услугата ви е достапна како главен корисник, ако сте последниот корисник што се најавил во возилото. Така батеријата може да се загрее однапред и да биде подготвена за работа на ниски надворешни температури.

За да добивате информации за температурата преку пуш-известувања, мора да дозволите апликацијата да ви испраќа известувања.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), корисничка идентификација, состојба на наполнетост на батеријата, големина на батерија, температура на батеријата, статус на приклучокот за напојување, времето на возење, како и статусот на подготвеноста за возење („исклучено“/„вклучено“ палење), локација на возилото, очекувана надворешна температура на локацијата на возилото (опсегот на личните податоци што се обработуваат може да биде намален во зависност од верзијата на софтвер.)

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главниот корисник (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 16. Plug & Charge (We Connect, VW Connect)

„Plug & Charge“ им нуди на корисниците на возилото опција да започнат полнење преку автоматизиран процес на автентикација преку приклучување на кабелот за напојување.

За време на инсталацијата и деинсталирањето на возилото и сертификатот за договорот, покрај идентификацискиот број на возилото (VIN), се обработуваат и други ИТ-податоци за користење (на пр., индекс за складирање на сертификатот за договорот или податоци за трансакцијата).

При проверка на автентичноста на јавните станици за полнење, се обработуваат дополнителни податоци за договорот (на пр., идентификациски број на сертификатот за договорот), со што се овозможува процесот на полнење да биде наплатен од електродистирбутерот.

За автентикација на приватен Wallbox, ИТ-податоците за користењето (на пр., серискиот број на сертификатот за возилото) се пренесуваат и на приватниот Wallbox.

**Личните податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), ИТ-податоци за користењето (на пр., сериски број на сертификатот на возилото, индекс за складирање на сертификатот за договорот, податоци за трансакцијата), податоци за договорот (на пр., идентификациски број на тековниот договор за наплата (EMAID))

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** Hubject GmbH, EUREF-Campus 22, 10829 Berlin, Германија

Во однос на обработката на податоците од страна на давателите на услуги за полнење и за ѕидната кутија за полнење, погледнете ја нивната изјава за заштита на податоци.

## 17. Повик во случај на дефект (We Connect, VW Connect)*

„Повик во случај на дефект" може да се активира при случај на дефект (со или без засветување на предупредувачката сијаличка), како и при помала штета поради незгода, којашто го активира прагот на активирање на сигурносните системи (како воздушното перниче и затегнувачот на безбедносниот појас). Ако контролниот уред на воздушното перниче препознал судир, корисникот на возилото може да воспостави аудиоврска со помош на услугата „Повик во случај на дефект" во инфо-забавниот систем. Така, одредени податоци автоматски се пренесуваат со услугите од „VW Connect", како опремата на возилото, кај лицето задолжено за повици за дефекти и влечната служба, ако е потребно, за да може да се добие помош брзо и ефективно.

Ги обработуваме податоците од вашите барања за термини за сервис за да ги подобриме нашите производи и деловни процеси, функционалноста за клиенти на закажувањето термини засервис, за оптимизирање на придобивките за клиентите и за коригирање на грешките на производите.

Ги анализираме гореспоменатите податоци заради подобрување производи и гарантирање на квалитетот на барањето термин за сервис и за да избегнеме прекини или доцнење во процесот за обработка на барањата. На пример, проверуваме за грешки во префрлањето податоци до вашиот сервисен партнер (на пример, нецелосни податоци или задоцнувања во префрлањето податоци) за да ги препознаеме порано и да ги коригираме. На тој начин, можеме да ги исполниме барањата на клиентите за термини за сервис на најдобар можен начин и задоволството на клиентите со дигиталните услуги може да се зголеми.

Освен тоа, споменатите податоци се препраќаат до увозникот одговорен за вашата земја за обработка, проверка и подобрување, на пример, преку ревизии на квалитетот. Споменатите податоци се бришат по пет години.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), телефонскиот број на SIM-картичката во возилото, титула, име, датум на раѓање, адреса, земја, телефонски број, адреса на е-пошта, регистарска табличка), податоци за возилото (марка, километража, опсегот, име на модел, година на моделот, боја, менувач, вид погон, година на производство, вид возило, карактеристики на опремата), осигурителни податоци (име на осигурување, број на осигурување, вид штета, име на спротивната осигурителна компанија), податоци за случајот (зона на удар, тежина на удар, ден на незгода, време на незгода, виновник, предупредувачки светла, записи за евиденција, податоци за позицијата на возилото, точност на податоците за Global Positioning System, насока на патување, вид на штета, датум на заведување на штетата, процена на штетата, термин за сервис, последен сервис), ако треба други лични податоци кои се споделуваат за време на повикот. За обработка на податоци во рамките на анализата:

Идентификацискиот број на возилото, категорија на барање за сервис, времето на испраќање на барањето за сервис, избраниот сервисен партнер и информации за договорениот термин за сервис. Освен тоа, соодветниот сервисен партнер ги префрла и следните податоци: идентификацискиот број на возилото, времето на отворање на записот, времето на остварување на контактот и времето на затворање на записот.

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главниот корисник и корисникот-гостин (за извршување на договорот); член 6, став 1, точка f од DSGVO за секој корисник на возилото вклучително анонимниот гостин (легитимни интереси: извршување на договорот „VW Connect " на главниот корисник). За обработка на податоци во рамките на анализата: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: подобрување на производите и деловните процеси; функционалност за клиентите за закажување сервис; оптимизација на задоволство на корисникот; корекција на производни грешки; управување со процесите и подобрување во малопродажба; зголемување на задоволството со услугите).

**Други примачи на податоци:** ARC Europe S.A., Avenue des Olympiades 2, 1140 Brüssel, Белгија, односно локалниот давател на услуги ангажиран од нив; можеби сервисен партнер на Volkswagen или влечна служба.

Без услугите на „VW Connect" или кога се користи возилото офлајн или ако е деактивирана услугата преку апликацијата, повикот во случај на дефект сепак може да се направи и офлајн; меѓутоа, нема автоматски пренос на податоците од возилото до сервисниот центар.

## 18. Извештај за состојбата на возилото (We Connect, VW Connect)

Како главен корисник, со „Извештај за состојбата на возилото" добивате информации за актуелната состојба на возилото. Главниот корисник, исто така, може да ги види избраните известувања за возилото и/или какви било потреби за услуги во неговата лична сметка во веб-прелистувачот и апликацијата. Само предупредувачките пораки и пораките за грешки остануваат во возилото.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), километража, време до следниот инспекциски сервис, предупредувачки пораки

**Правна основа:** за главниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 19. Статус на возилото, вклучително врати и светла (We Connect, VW Connect)

„Статус на возилото“ му овозможува на главниот корисник, а во возилата со софтверска верзија ID.S5.0 и понова, исто така и на корисникот-гостин да прикажува различни податоци за статусот на возилото во апликацијата.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), состојба на прозорци, врати и багажник, статус на централно заклучување, паркинг-светло, време

**Правна основа:** за главниот/дополнителниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот); за секој корисник на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување на услугите во возилото за главниот и корисникот-гостин согласно договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 20. Паркинг позиција (We Connect, VW Connect)*

„Паркинг позиција“ му овозможува на главниот корисник да ја повика последната позната локација на возилото ако се најавил како последен во возилото.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), актуелна паркинг позиција на исклучено возило (изваден клуч, исклучено стартер-копче)

**Правна основа:** за главниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 21. Стриминг и Интернет: Стриминг на медиа (We Connect Plus, VW Connect Plus)

Со функцијата „Стриминг на медиа“, може да се користат разни услуги за стриминг на музика директно во инфо-забавниот систем без да мора да се поврзува вашиот паметен телефон или друг уред. За таа цел, главниот корисник мора прво да ја преземе соодветната апликација за стриминг и да ја инсталира преку продавницата во автомобилот.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), токен за автентикација за услугата на стриминг, IP-адреса

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** соодветниот давател на услугата за стриминг За обработката на податоците во рамките на соодветната услуга за стриминг, се применува изјавата за заштита на податоците на таа услуга.

## 22. Онлајн персонализација (We Connect, VW Connect)

Со функцијава главниот и корисникот-гостин можат да ги зачуваат своите индивидуални поставки за возилото и да ги носат со себе во други возила на Volkswagen кои имаат мобилните онлајн услуги од „VW Connect“. Поставките на возилото од разни системи се зачувуваат автоматски и во зависност од опремата, како седишта, ретровизори, светлина, клима и помош при возењето.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), актуелни лични поставки за возилото (меѓудругото, за седишта, ретровизори, светло, клима, помош при возење), последно

користени радиостаници/апликации, потребни метаподатоци за пренос на вредностите на поставките (пр., ID на параметри, податоци за промената, броеви на верзии и време).

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 23. In-Car Shop/Webshop (достапно во сите пакети)

Преку „In-Car Shop/веб-продавница“ главниот корисник може да купува производи, како и мобилни онлајн-услуги или да го продолжите времетраењето на мобилните онлајн-услуги.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), податоци за контакт, податоци од договорот, податоци од кредитна картичка/податоци за плаќање преку PayPal

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** arvato distribution GmbH, Gottlieb-Daimler-Straße 1, 33428 Harsewinkel, Deutschland; J.P. Morgan Mobility Payments Solutions S.A., 161, Rue du Kiem L-8030 Strassen, Луксембург; Markovski Solutions, Borovo Distr., bl. 10, 1680 Sofia, Бугарија

На следните приматели на податоци ќе им бидат испратени податоците за плаќањето со кредитна картичка или PayPal од страна на J.P. Morgan Mobility Payments Solutions S.A.: Concardis GmbH, Helfmann-Park 7, 65760 Eschborn, Taunus, Германија (при плаќање со кредитна картичка); PayPal (Europe) S.à.r.l. et Cie, 22-24 Boulevard Royal, 2449 Luxemburg, Луксембург (при плаќање со PayPal)

## 24. Управување со услуги (во сите пакети)

Управувањето со услуги им овозможува на главниот и на корисникот-гостин да ги вклучува и исклучува онлајн-услугите и функциите на возилото достапни во возилото и да прима детални информации за пакетите со услуги што се резервирани и за нивното времетраење.

Може да се бираат и индивидуални поставки за приватност (ако има во соодветното возило). Така се овозможува контрола на тоа кои податоци е дозволено да го напуштаат возилото. Освен тоа, купените и активирани функции „Upgrades“, како и апликациите In-Car App се прикажани во личната сметка во веб-прелистувачот. Освен тоа, корисникот на возилото добива известување во апликацијата ако корисникот на возилото нема лиценца VW Connect.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), статус на активирање на услугата, ниво на приватност

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за исполнување или започнување договор); член 6, став 1, точка f од DSGVO за информации ако нема лиценца VW Connect (легитимни интереси: маркетиншки информации за клиентите).

**Други приматели на податоци:** нема

## 25. Онлајн пребарување посебни цели (We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Функцијата за онлајн пребарување посебни цели овозможува да се пребарува дестинација во Европа или Северна Америка со помош на инфо-забавниот систем. За таа цел на располагање стои база на податоци со милиони записи и оптимизиран пребарувач. Освен тоа, за тие дестинации се добиваат и ажурирани информации, како времиња на отворање или цени.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), локација, избран јазик на инфо-забавниот систем, прашање за пребарување посебни цели (категорија, текст за пребарување и подрачје на пребарување), рута на целта, геометрија на рута, филтер за категорија на посебна цел.

**Правна основа:** за главниот корисник и корисникот-гостин: член 6, став 1, точка b од DSGVO (заради извршување на договорот), за секој друг корисник на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување на услугите во возилото согласно договорот)

**Други приматели:** HERE Europe B.V., Kennedyplein 222 – 226, 5611 ZT Eindhoven, Холандија; Joynext GmbH, Gewerbepark Merbitz бр. 5, 01156 Dresden, Германија. (Овие приматели ги обработуваат вашите лични податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 26. Закажување сервис (We Connect, VW Connect)

Ако е активирана услугата „Закажување сервис" од главниот корисник, ќе биде контактиран за термините за сервис (промена на масло, инспекциски сервис и пораките за предупредување избрани од Volkswagen AG) од сервисниот партнер на Volkswagen (или, ако е потребно, сервисниот партнер на Volkswagen ангажиран од продажната компанија или кол-центар) преку комуникацискиот канал што го одбрал (е-пошта или телефон) за закажување сервис.

Ако сервисниот партнер што го навел главниот корисник веќе не врши дејности или веќе не работи како овластен сервисер на Volkswagen, но главниот корисник не одбрал друг сервисен партнер на Volkswagen, продажната компанија одговорна за земјата ќе стапи во контакт за да го закаже потребниот термин за сервис со соодветен сервисен партнер на Volkswagen којшто стои на располагање. Податоците се пренесуваат до соодветнатаа продажна компанија врз основа на нашиот легитимен интерес (член 6, став 1, точка f од DSGVO), заради исполнување на потребата за термин за сервис и со тоа и исполнување на корисничкото задоволство на главниот корисник.

Ги обработуваме податоците од вашите барања за термини за сервис за да ги подобриме нашите производи и деловни процеси, функционалноста за клиенти на закажувањето термини засервис, за оптимизирање на придобивките за клиентите и за коригирање на грешките на производите.

Ги анализираме гореспоменатите податоци заради подобрување производи и гарантирање на квалитетот на барањето термин за сервис и за да избегнеме прекини или доцнење во процесот за обработка на барањата. На пример, проверуваме за грешки во префрлањето податоци до вашиот сервисен партнер (на пример, нецелосни податоци или задоцнувања во префрлањето податоци) за да ги препознаеме порано и да ги коригираме. На тој начин, можеме да ги исполниме барањата на клиентите за термини за сервис на најдобар можен начин и задоволството на клиентите со дигиталните услуги може да се зголеми.

Освен тоа, споменатите податоци се препраќаат до увозникот одговорен за вашата земја за обработка, проверка и подобрување, на пример, преку ревизии на квалитетот. Споменатите податоци се бришат по пет години.

Главниот корисник може кога сака да ја деактивира услугата „Закажување сервис" и преносот на податоци поврзан со потребата за сервис во неговата лична сметка во веб-прелистувачот или во поставките на апликацијата „We Connect" и да го избере, измени или избрише посакуваниот комуникациски канал на претпочитаниот сервисен партнер на Volkswagen.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), идентификациски број на корисник, идентификација на барањето, кој го активирал преносот на податоците (на пример, при одредена потреба за сервис), километража, марка, модел, година на моделот, код на моторот, означувачи на менувачот, интервал на одржување, инспекциски сервис, интервал на промена на маслото, пораки за предупредување, време, време на појава на предупредувањето преку предупредувачко светло, име/презиме, посакуван комуникациски канал (телефон/е-пошта); за обработка на податоците во рамките на анализата: идентификациски број на возилото, категорија на потреба за сервис, датум на испраќање на терминот за сервис, сервисниот партнер што е избран, договорениот термин за сервис. Освен тоа, соодветниот сервисен партнер ги префрла и следните податоци: идентификацискиот број на возилото, времето на отворање на записот, времето на остварување на контактот и времето на затворање на записот.

**Правна основа:** за главниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот), ако е применливо и член 6, став 1, точка f од DSGVO (ако сервисниот партнер на Volkswagen што е избран веќе не врши дејности или веќе не работи како овластен сервисен партнер на Volkswagen); за сите други корисници на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување услуги во возилото според договорот); за обработка на податоците во контекст на анализа: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: подобрување на деловните процеси и функционалноста на услугите за корисниците за барање термин за сервис; оптимизирање на користењето на корисниците; отстранување грешки во производот; водење и подобрување на процесот во продажба; зголемување на задоволството на клиентите со услугите)

**Други примател на податоците:** сервисниот партнер на Volkswagen што го одбрал главниот корисник или продажната компанија одговорна за земјата ќе биде информирана за потребата за сервис, ако е применливо и кол-центарот на сервисниот партнер на Volkswagen или сервисниот партнер на Volkswagen ангажиран од продажната компанија (во случај на сервисен партнер на Volkswagen, кол-центарот или продажната компанија ќе ги обработува податоците само на барање и согласно упатствата на сервисниот партнер на Volkswagen); во рамките на анализата вашите податоци се пренесуваат кај CARIAD SE, Berliner Ring 2 Brieffach 1080/2, 38440 Wolfsburg, Германија (CARIAD SE ги обработува вашите податоци само на наше барање и согласно нашите упатства).

Ако главниот корисник избрал претпочитан сервисен партнер со седиште во Германија, Велика Британија, Италија, Франција, Јапонија, Ирска, Чешка, Шпанија, вклучително Канарските острови, Белгија, Швајцарија, Шведска, Полска, Унгарија, Украина, Србија, Данска, Финска, Естонија, Латвија, Литванија, Словенија, Романија, Бугарија, Словачка, Грција, Португалија, Норвешка, Луксембург, Австрија, Холандија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Албанија, Северна Македонија, Малта или Исланд, личните податоци што се обработуваат како дел од закажување сервис се обработуваат од страна на Salesforce.com Germany GmbH, Erika-Mann-Straße 31, 80636 München, Германија, како обработувач во името на Volkswagen AG.

## 27. Оптимизирано користење батерија (We Connect, VW Connect)

Функцијата го информира главниот корисник во апликацијата кога одредени далечински услуги не може да се користат поради недоволна наполнетост на батеријата од 12 V. Функцијата исто така му нуди на главниот корисник опција да ја активира поддршката со високонапонска батерија за возилото. Со активирањето, ќе се овозможи работа на далечинските услуги со поддршка на високонапонска батерија.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), IP-адреса, статус на 12 V батерија, статус на активност на возилото

**Правна основа:** член 6 став 1 точка b од DSGVO (за исполнување на договорот), за други корисници на возилото без договор преку мобилните онлајн услуги: член 6 став 1 точка f од DSGVO (легитимни интереси)

**Други приматели на податоци:** нема

## 28. Battery Care Mode (We Connect, VW Connect)

Battery Care Mode е функција за оптимизирање на стареењето на високонапонската батерија со поставување горна граница на полнење. Функцијата може да се вклучува и исклучува од страна на главниот корисник. Поставките може да се менуваат преку апликацијата само ако главниот корисник е последниот што се најавил во возилото.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN)

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO

**Други приматели на податоци:** нема

## 29. Приказ на ID. Software (We Connect, VW Connect)

Корисникот на возилото може да го користи „ID. Software“ преку инфо-забавниот систем на возилото за да ја прикаже тековно инсталираната верзија на софтверот на возилото.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), состојба на софтвер

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 30. Совет за полнење (We Connect, VW Connect)*

Услугата „Совет за полнење“ користи апликација за да му препорачува на главниот корисник користење на Battery Care Mode и оптимизирани поставки за конфигурирање процеси на полнење според користењето на батеријата и полнењето за да се заштити високонапонската батерија.

Услугата ви е достапна како главен корисник, ако сте последниот корисник што се најавил во возилото. Така главниот корисник може да добива персонализирани информации за оптимизирање на стареењето на високонапонската батерија со користење на поставките за полнење.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), корисничка идентификација, состојба на наполнетост на батеријата, големина на батерија, температура на батеријата, статус на приклучокот за напојување, времето на возење, како и статусот на подготвеноста за возење („исклучено“/„вклучено“ палење) (опсегот на личните податоци што се обработуваат може да биде намален во зависност од верзијата на софтвер.)

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главниот корисник (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

## 31. (Автоматски) Брз старт на инфо-забавниот систем (We Connect Plus, VW Connect Plus)*

Услугата проактивно го стартува инфо-забавниот систем за регистрираниот главен корисник во очекуваното време на поаѓање, или врз основа на поставките за онлајн мобилните услуги за климатизација и времето на поаѓање во апликацијата Volkswagen или за време на автоматскиот брз старт на инфо-забавниот систем врз основа на вообичаената употреба на возилото.

Услугата ви е достапна како главен корисник, ако сте последниот корисник што се најавил во возилото. Така главниот корисник може да пристапува до содржините на инфо-забавниот систем побрзо по влегување.

За да може да се користи брзиот старт на инфо-забавниот систем (автоматски), мора да се активира функцијата „Оптимизирано користење на батеријата“ за високонапонската батерија во апликацијата.

Податоците што се користат во инфо-забавниот систем за автоматско брзо започнување за рутините за учење ќе бидат избришани по три месеци.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), ID на корисникот, временски печат на патувањето, како и статус на подготвеност за возење (палење „исклучено“/„вклучено“), време на поаѓање, време на започнување на инфо-забавниот систем, време на прекинување на инфо-забавниот систем, број на работни часови (за да се усогласи со горната граница на работни часови на возилото) Само за автоматската услуга: предвидување на времето на почеток на патувањето, статус на рутински модел, статус на согласност за собирање на податоци за локација, податоци за локација (последна паркинг позиција на возилото (точно до метар))

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главниот корисник (извршување на договорот) За автоматската услуга: чл. 6, ст. 1, буква а од ОРЗП за главниот корисник (согласност)

**Други приматели на податоци:** нема

## 32. Заклучување и отклучување (We Connect, We Connect Plus, VW Connect и VW Connect Plus)

Со услугата „Заклучување и отклучување“ може да се ракува со централното заклучување на возилото, но и кога главниот корисник не е во непосредна негова близина. Притоа, може да се провери и промени статусот на заклученост на вратите и багажниот простор преку апликацијата. За безбедност, мора да се одреди S-PIN којшто ќе се внесува пред секое заклучување и отклучување. Оваа функција бара главниот корисник да го изведе процесот на идентификација Volkswagen Ident однапред.

Сите процеси на заклучување и отклучување изведени со оваа услуга, вклучително датумот и времето, моменталната километража, како и корисничката идентификација и идентификацискиот број на возилото ги чуваме во период од три (3) години. Таквото чување се базира врз нашите легитимни интереси да се усогласиме со обврската за чување евиденција согласно законите за одговорност (член 6, став 1, точка f од DSGVO).

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN); корисничка идентификација; информации дали електричните прозорци, вратите, просторот за моторот и багажниот простор се отворени или затворени и дали возилото е заклучено или отклучено; датумот и времето на заклучување и отклучување; километража

**Правна основа:** за главниот корисник: член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот); за секој корисник на возилото: член 6, став 1, точка f од DSGVO (легитимни интереси: овозможување на услугите во возилото за главниот корисник согласно договорот)

**Други примачи на податоци:** нема

## 33. Legal Web App

Тековните правни текстови, како што е декларацијата за заштита на податоците, може да се видат преку „Правни прашања" во инфо-забавниот систем.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), IP-адреса, префикс на земјата и јазик

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други примачи на податоци:** нема

## 34. Далечинска дијагностика на возилото (VW Connect)

Далечинската дијагноза на возилото дава препорака за дејствување за клиентот како помош во можен случај на грешка, како и дополнителни информации за извештаите за настани во возилото. Функцијата ги проценува безжично пренесените дијагностички податоци од возилото. Препораката за дејствување, како и дополнителните информации за извештаите за настани во возилото, клиентот може да ги побара телефонски од лице за контакт по свој избор (Центар за интеракција со клиенти, помош на пат, сервисен партнер). Вториот го известува клиентот за резултатот и, доколку е потребно, се согласува со него за понатамошните чекори.

**Лични податоци:** идентификациски број на возилото (VIN), кориснички ID на клиентот (Volkswagen ID); UUID до корисничкиот ID на клиентот; дијагностички податоци за возилото (генерално податоци за идентификација на ECU, податоци за меморија на настани)

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO за главниот корисник (за извршување на договорот)

**Други примачи на податоци:** Audi AG, Auto-Union-Straße 1, 85057 Ingolstadt, Германија; Lufthansa Industry Solutions AS GmbH, Schützenwall 1, 22844 Norderstedt, Германија (овие примачи ги обработуваат вашите лични податоци само на наше барање и согласно нашите упатства.)

## 35. Време

„Време" го информира корисникот на апликацијата „Volkswagen" со актуелните податоци за времето. Таму се прикажува температурата од локацијата на возилото или мобилниот телефон.

**Лични податоци:** идентификацискиот број на возилото (VIN), претпочитана мерна единица на локацијата на возилото или корисникот

**Правна основа:** член 6, став 1, точка b од DSGVO (за извршување на договорот)

**Други приматели на податоци:** нема

# Дел II

## I. Albania

Besides, from the legal bases described in Part I the legal bases for processing personal data under Albania law is a consent given by the data subjects. The consent of the data subjects is given either by registering for the mobile online services, after they have confirmed that they have read and accepted the Privacy Policy, or by using the vehicle in knowledge of the data processing.

Data controller representative in Albania:

Porsche Albania Sh.p.k
Autostrada Tirane-Durres
Km. 3, Tirane,1051
dataprotection@porsche.al

## II. Belgium

We are legally obliged to publish mileages (km) of networked vehicles at regular intervals (usually once every quarter) on request from Car-Pass vzw. The data is retained by Car-Pass vzw in a "Car-Pass" so that relevant information about a vehicle can be provided to potential purchasers when buying and selling used cars.

**Personal data processed:** Vehicle identification number (VIN), mileage (km), time of data collection in the vehicle

**Legal basis:** Article (6)(1)(c) GDPR in conjunction with Art. 6 Act of 11 June 2004 and Article 3/1, § 2 Royal Decree of 26 August 2006

**Recipients:** Car-Pass vzw, Woluwedal 46/2, 1200 BRUSSELS, BELGIUM; D'Ieteren Automotive SA /NV, Leuvensesteenweg 639, 3071 KORTENBERG, BELGIUM; CARIAD SE, Berliner Ring 2, 38440 WOLFSBURG, GERMANY; Audi AG, Auto-Union-Straße 1, 85057 INGOLSTADT, GERMANY (all recipients with the exception of Car-Pass vzw process data solely on our behalf and in accordance with our instructions)

## III. Bosnia and Herzegovina

In deviation from the legal bases described in Part I the legal bases for processing personal data under the law of Bosnia and Herzegovina is a consent given by the data subjects. The consent of the data subjects is given either by registering for the mobile online services, after they have confirmed that they have read and accepted the Privacy Policy, or by using the vehicle in knowledge of the data processing.

Data controller representative in Bosnia and Herzegovina:

PORSCHE BOSNA I HERCEGOVINA
Porsche BH d.o.o. Sarajevo

Porsche Inter Auto BH d.o.o. Sarajevo
BIH-71000 SARAJEVO | Bulevar Meše Selimovića 16
zastita.podataka@porschebh.ba

## IV. Japan

Personal information obtained from residents in Japan ("Personal Data") shall be handled in accordance with the following rules in addition to the rules set forth in Part I of this Privacy Policy.

**1. Purpose:** We will handle the Personal Data in accordance with the Purposes set forth in Part I of this Privacy Policy ("Purposes"), and not use Personal Data for any purpose other than such Purposes. We shall promptly notify the relevant data subjects, or disclose to the public of the Purposes (and any subsequent changes thereof), unless the Purposes have already been disclosed to the public;

**2. Collection:** We will not obtain any Personal Data through any deceptive, fraudulent, or other wrongful means;

**3. Accuracy:** We will make reasonable efforts to ensure that Personal Data handled by us is accurate and up to date and within the scope necessary to achieve the Purposes;

**4. Retention:** We will retain Personal Data in accordance with Section A.IV of Part I, and cease retention as soon as it is reasonable to assume that the Purposes are no longer being served by retention of Personal Data;

**5. Protection:** We will protect Personal Data in its possession or under its control by making reasonable security arrangements to prevent unauthorized access, collection, use, disclosure, copying, modification, disposal, damage, loss or similar risks. We will adequately supervise processing of Personal Data by our officers, employees, third party vendors and any other parties who process Personal Data on our behalf;

**6. Transfer:** Without obtaining the prior consent of the relevant data subjects, we will not transfer or provide any part of Personal Data to any individual or entity unless an exception under the APPI applies.

**7. Extraterritorial Transfer:** Without obtaining the prior consent of the relevant data subjects, we will not transfer or provide any part of Personal Data to any individual or entity located outside Japan, European Union or the United Kingdom unless (a) a transferee is located in a country or area certified by the Personal Information Protection Commission of Japan ("PPC") as having data protection standards equivalent to those of Japan or (b) the transferee has data protection standards equivalent to the standards specified by the PPC; and,

**8. Data Subject's Right:** If a data subject requests pursuant to the APPI disclosure of Purposes, access to, correction, or deletion of any of Personal Data relevant to such data subject, or lodge a complaint, we will respond to such request or complaint promptly and in accordance with the APPI. Any fee charged to data subjects shall be reasonable.

## V. Switzerland

To the extent data processing falls within the scope of the Swiss Federal Act on Data Protection (FADP), (a) the scope of "personal data" shall be determined in accordance with the FADP, and (b) references to the GDPR shall be understood as references to the FADP.